Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08-5884/2
29.04.2022 год.
ОХРИД

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија
Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

# ОПШТИНА ОХРИД

Согласно Програмата АО-Совет на општина Охрид за 2022 година („Службен гласник на општина Охрид " бр.08-13561/32 од 29.12.2021), Одлуката за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници кој заеднички го организираат општина Охрид и Општина Дебрца со број 08-1332/9 од 10.02.2022 година, Правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца со бр.08-4989/13 од 15.04.2022 година објавен во службен гласник на општина Охрид, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБРЦА

1. **Опис на јавниот повик**

1.1. Поврзаноста на руралните со урбаните средини со линиски превоз на патници е клучна инфраструктура и комунална услуга што локалните самоуправи треба да им ја обезбеди на своите граѓани. Неспорна е околноста дека општина Дебрца согласно теритотијалната распределба произлезе од општина Охрид и дека населението од овие две општини е тесно поврзано. Законот за превоз во патниот сообраќај дава можност за поврзување на линискиот превоз на патници помеѓу двете општини за што општина Охрид и општина Дебрца имаат склучено спогодба за заеднички организирање на овој превоз. Мобилноста и подвижноста на граѓаните на територијата на овие две општини е од клучно значење за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, брза и ефикасна пристапност на граѓаните до руралните средини и обратно до урбаните средини, со цел подобрување на животот и функционирањето на граѓаните и Општините .

Општина Охрид, со оваа програмска мерка **врши помагање на значајна стопанка дејност** во услови на криза со цел оддржување на линиите за превоз на патници помеѓу овие две општини и избегнување на затворање на овие комопании чија претежна дејност е првоз на патници. Намалениот обем на патници и линии во голема мера влијае врз рентабилноста и економската оправданост на компаниите кои работат во оваа дејност. Како

Општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

резултат на тоа постои сериозен ризик од намалување на бројот на линии, намалување на бројот на дневни поаѓања во јавниот превоз со што во прашање би се довело одржување на линиите поради нерентабилност и неекономичност, а со тоа директно да влијаат врз оневозможување на граѓаните да ги користат превозните услуги.

Програмската активност покрај социјалната и економски развојната димензија се очекува исто така позитивно да влијае и на подобрување на квалитетот на животната средина и намалување на емисијата на штетните гасови во двете општини преку стимулирање на граѓаните да го користат постоечкиот јавен превоз.

Согласно спогодбата за заедничко организирање на линискиот превоз на патници помеѓу Општина Охрид и Општина Дебрца, утврдена е следната мрежа на лини:

1. Охрид – с. Врбјани – Охрид
2. Охрид – с. Слатино – Охрид
3. Охрид – с.Велмеј – Охрид
4. Охрис – с.Мешеишта – Охрид

Согласно Одлуката за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца , Субвенционирањето се врши на следните линии и тоа:

| Ред. број | Назив на линијата | Автобуски стојалишта |
|---|---|---|
| 1. | Охрид – с. Врбјани | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с. Ново Село, с. Песочан, с. Лактиње, с. Годивје, с. Арбиново, с. Слатино, с.Врбјани |
| 2. | Охрид – с.Слатино | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с. Ново Село, с. Песочан, с. Издеглавје, с. Оздолени, с. Слатино |
| 3. | Охрид – с. Велмеј | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, |

Општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| | | С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с.Злести, Белчишта, с. Лешани, с. Велмеј |

На линијата Охрид – с.Слатино ќе се субвенционираат по две дневни поаѓања, за линијата Охрид – с.Врбјани три дневни поаѓања а за линијата Охрид – с.Велмеј четири дневни поаѓања.

Должината на линијата која е предмет на субвенционирање ќе биде утврдена од страна на комисиите формирана од страна на градоначалникот на општина Дебрца и градоначалникот на опптина Охрид, согласно со утврдените стојалишта, во присуство на претставник на превозникот кој го добил одржувањето на линијата на јавниот повик за доделување на линии во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Дебрца и општина Охрид.

Субвенционирањето се врши на месечно ниво за секоја линија посебно, согласно вкупно изминатите километри предвидени со регистрираниот возен ред.

Субвенцијата изнесува десет 10 ( десет) денари по изминат километар.Општина Охрид и општина Дебарца ќе ја исплаќаат субвенцијата од претходниот став во еднаков износ, односно секоја општина ќе исплаќа субвенција од по 5 ( пет) денари по изминат километар.

## 2. Право на учество на Јавниот повик имаат:

Право на субвенционирање ќе има секој барател кој:

1. Има лиценца, дозвола за вршење на превоз и регистриран возен ред за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид или општина Дебрца.
2. Трговско друштво основано во согласност со Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.
3. Има регистрирано деловно седиште во општина Охрид или општина Дебрца во последната 1 (една) години, сметано од датумот на објавување на Јавниот повик.
4. Има регистрирано претежна дејност – вршење на првоз на патници во патниот сообраќај, согласно Националната Класификација на Дејности.
5. Не е во постапка на стечај или ликвидација.

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

6. Нема ненамирени обврски (даноци и придонеси) кон општина Охрид, општина Дебрца и државата.
7. Ќе обезбеди бесплатно користење на нивните превозни услуги во времетраење на користењето на субвенцијата за корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост.

## 3. Начин на пријавување на Јавниот повик

За пријавување на Јавниот повик барателот доставува барање за субвенционирање, дадено во Прилог 1 на Правилникот *(барањата и обрасците од овој јавен повик ги има во прилог на Правилникот можат да се подигнат во архивата на општина Охрид или да се симнат од веб страна на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk)*.

За докажување на исполнетост на условите предвидени во Правилникот, заедно со барањето за субвенционирање барателот треба да достави и:

1. Важечки договор (оригинал или копија заверена на нотар) за вршење линиски превоз на патници помеѓу општина Охрид и општина Дебрца.
2. Лиценца, дозвола за вршење на превоз и регистриран возен ред за линијата за која се однесува барањето.
3. Тековна состојба на деловниот субјект не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
4. Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
5. Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
6. Уверение за платени даноци и придонеси, издадено од Управата за јавни приходи не постаро од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
7. Потврда од општина Охрид за подмирени комунални такси, даноци и фирмарина за претходните две години (2020-2021 год).
8. Ценовник со моменталните цени на билетите што ги издава на патниците.
9. Изјава за согласност за обезбедување бесплатен превоз на корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост (за време на траење на субвенцијата).

Барањата за субвенционирање заедно со потребната документација, барателот во затворен плик ги доставува преку архивата на општина Охрид, на адреса ул. „Димитар Влахов“ бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

Општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

На пликот треба да е наведено „За Јавен повик за субвенционрање линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца

**4. Начин на спроведување на Јавниот повик**

4.1. За реализација на јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца

4.2. Јавниот повик ќе трае 15 дена од денот на објавување на официјалната веб страна на општина Охрид www.ohrid.gov.mk.

4.3. За секој барател за кој Комисијата ќе утврди дека ги исполнува условите, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето ќе го извести писмено Корисникот што треба да достави на крај на месец за исплаќање на субвенцијата.

4.4. Доколку Комисијата за Јавниот повик утврди дека барателот не ги исполнува условите од Јавниот оглас или барателот во дополнително дадениот рок не го дополни барањето, Комисијата го известува барателот дека барањето е одбиено.

4.5. Разгледувањето и изборот на Барањата кои ги исполнуваат условите од Јавниот повик, ќе се спроведува и утврдува врз основа на комплетна доставена документација и уредно доставени докази за изминатите километри.

4.6.Општина Охрид ќе ја извести јавноста преку објава на својата веб страна за завршувањето на Јавниот повик. Сите барања кои ќе стигнат по овој датум нема да се разгледуваат.

**5. Начин на остварување на правото на надоместок**

Корисникот што ќе ги исполни услови за исплата, доставува Барање за исплата на финансиски средства (во натамошниот текст: Барање за исплата) дадено во Прилог 2 на Правилникот.

За докажување на исполнетост на условите од овој Правилник, заедно со барањето за исплата на субвенција барателот треба да достави и:

1. Фактури за направени трошоци за превоз на патниците (исплатени плати на вработените и исплатени фактури за

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

гориво) со извадоци од сметководствена евиденција за докажување (месечни).
2. По една фискална сметка од секое поаѓање од почетна станица за секоја линија (соглсно сатите предвидени за поаѓање во регистрираниот возен ред) или дневен фискален извештај за секоја линија за која се бараат субвенциите со изјава потпишана од барателот дека дневниот фискален извештај се однесува на линијата која е предмет на барањето.
3. Пополнет извештај за месечни трошоци (прилог 4).
4. Изјава заверена на нотар, дадено во Прилог 3 со која корисникот потврдува дека поднесените документи и информаци во барањето се вистинити и веродостојни и дека нема примено друга финансиска поддршка за вршење на општински линиски превоз на патници од општина Охрид.
5. Изјава дека ќе обезбедат бесплатен превоз на корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост за време на траење на субвенцијата.

Документите од точка 1и 2 се доставуваат во оригинал и копија. Копијата за јавенот повик се доставува на секоја страница со потпис и печат од страна на Корисникот, со што ја потврдува нивната веродостојност.

За секој корисник кој ги исполнил условите Јавниот повик во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Барањето за исплата и извештајот, Комисијата ќе предложи до Градоначалникот да донесе Решение за исплата на финасиските средства.

Доколку барањето за исплата и документацијата не се комплетни, во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето Комисијата ќе го извести корисникот по писмен пат, да го дополни барањето во даден рок.

Доколку корисникот не организирал линиски превоз за патници, или пак во дадениот рок за дополна не го дополни барањето за исплата, Комисијата ќе предложи до Градоначалникот да донесе решение со кое се одбива барањето за исплата.

Доколку согласно регистрираниот возен ред на линиите делумно го организирал со помалку поаѓања, за субвенција ќе бидат земени во предвид само направените поаѓања.

Доколку Комисијата за исплата утврди дека износот на финансиската поддршка кој треба да се исплати е помал од износот во барањето, Комисијата ќе го исвести корисникот и ќе предложи на Градоначалникот да донесе решение со намален износ за исплата кој соодветствува на утврдениот број на поминати километри.

**Општина Охрид**

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk
e-mail info@ohridler.gov.mk

Финансиската поддршка ќе биде исплатена на банкарската сметка наведена во Барањето за субвенционирање.

Финансиската поддршка нема да бидат исплатени доколку:

- Корисникот не ги почитува обврските кои произлегуваат од Правилникот за субвенционирање на линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца;
- Корисникот поднесува неверодостојни или лажни документи и податоци до општина Охрид; и
- По барање на корисникот.

Комисијата ќе може да врши увид во документација на барателот и да обезбеди дополнителни информации од надлежните институции со цел проверка и решавање на предметното барање.

Прашања за појаснување може да се поставуваат телефонски на 046/262 492 или 046/262 493 или писмено по електронски пат до Општина Охрид komunalen.razvoj@ohrid.gov.mk.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков

Република Северна Македонија Градоначалник на општина ОХРИД 2